Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за образование
и наука
Ministria e Arsimit
dhe Shkencës
Бр. - Nr 26-82/1
22.01.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за образование и наука | Ministria e Arsimit dhe Shkencës
Педагошка служба | Shërbimi pedagogjik

26 - 82/1

Бр.
Датум: 22.01.2025 г.

ПРЕДМЕТ: Годишен извештај за работата на Педагошка служба за 2024 година

Соглсно член 10 алинеја 3 в. д. директорот на Педагошката служба го донесе Годишниот извештај за работата на Педагошка служба за 2024 година.

Прилог:
- Годишниот извештај за работата на Педагошка служба за 2024 година.

Со почит,

В.Д. ДИРЕКТОР,
Роберт Аџипетров

Подготвил: Андреа Јанковски
Прегледал: Виолета Костовска
Одобрил:Хикмете Сељмани


Министерство за образование и науката
Република Северна Македонија
Ministria e ArsimitdheShkencës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. 26-82/1
22 JAN 2025 20 год. viti
Скопје - Shkup

Влада на Република Северна Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ПЕДАГОШКА СЛУЖБА**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

**MINISTRIA E ARSIMIT DHE E SHKENCËS**

**SHËRBIMI PEDAGOGJIK**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА ЗА 2024 ГОДИНА

Јануари, 2025

Скопје

## Содржина

**Вовед** ... 3

**Законска регулатива** ... 4

**Вработени во Педагошка служба** ... 4

**Реализирани активности на Директорот** ... 6

**Реализирани активности на сектор за учебници и педагошко советување** ... 6

**Реализирани активности на Одделение за одобрување на учебници** ... 7

**Реализирани активности на Одделение за советување на родители и ученици** ... 15

**Реализирани активности – соработка со институции и организации** ... 21

## Вовед

Педагошката служба е формирана согласно Законот за Педагошка служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2011, 41/2014 ,55/2016 и 64/2018) и е орган во состав на Министерството за образование и наука. Улогата на Педагошката служба е во насока на навремено обезбедување на квалитетни учебници како основно наставно средство како и советување на родителите и учениците во училиштата. Активностите на Педагошката служба се во насока на воведување нови, повисоки и европски стандарди во изготвувањето на учебниците и унапредување на учебникарската дејност во Република Северна Македонија. Следејќи го карактерот на современото дигитално општество, службата активно работи и во насока на прилагодување на учебниците за учениците со попречености, но и обезбедување на електронски и дигитални учебници. Во делот на советување, примената на најдобрите европски практики во детската и образовната психологија и развивање на најсовремени програми и алатки за решавање на актуелни проблеми во воспитно-образовните установи се основна дејност на делување на органот.

Воспитно-образовниот систем е составен од две компоненти кои се подеднакво важни. Педагошката службна во образовната компонента учествува преку процесот на обезбедување на учебници, а во воспитната компонента, преку поттикнување и поддршка на мерки и проекти поврзани со развивање на квалитетна воспитно-образовна психологија во воспитно образовните установи.

Во извештајот за работа на Педагошката служба за 2024 година се содржани информации за реализираните активности и работни задачи во текот на годината. Во збирниот приказ се дадени спроведените активности предвидени во Програмата за работа на Педагошката служба за 2024 година, како и други вон програмски активности доделени од страната на Министерството на образование и наука и Владата на Република Северна Македонија. Извештајот е изработен согласно  реализираните задачи од Програмата за работа на Педагошката службаодносно согласно изготвените  извештаите  на одделенијата од Секторот за учебници и педагошко советување.

Извештајот се однесува на периодот јануари-декември 2024 година и се темели на приказот на реализираните активности на:

- **Секторот за учебници и педагошко советување во чиј состав се 3 (три) одделенија:**

  1. **Одделение за одобрување на учебници;**
  2. **Одделение за издавање и набавка на учебници;**
  3. **Одделение за советување на родители и деца.**

## Законска регулатива

Педагошката служба како орган во состав на Министерството за образование и наука има надлежности во делот на одобрување, издавање и набавка на учебници како и советување на родители/старатели и ученици кои што произлегуваат од следнава законска регулатива:

- Законот за Педагошка служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2011, 41/2014 ,55/2016 и 64/2018);
- Закон за учебници за основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 3/25) – донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија на ден 27.12.2024 година;
- Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015, 30/2016 и 21/2018);
- Закон за основно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 229/20 и 3/25);
- Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020).

## Вработени во Педагошка служба

Согласно Член (5) од Закон за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2011, 41/2014, 55/2016 и 64/2018), организационата поставеност на службата е уредена со актот на организација на Министерството за образование и наука. Од прикажаниот органограм видливо е дека со Педагошката служба раководи, Директор. Стуктурно овој орган во состав на Министерството за образование и наука е составен од еден сектор и тоа Сектор за учебници и педагошко советување и три одделенија и тоа Одделение за одобрување на учебници, Одделение за издавање и набавка на учебници и Одделение за советување на родители и ученици.




Кратката анализа на пополнетоста на секторот т.е. одделенијата, според табеларниот приказ подолу, покажува дека во службата има вкупно 14 вработени. Педагошката служба и покрај ограничениот човечки потенцијал, во целост ги извршува своите обврските согласно законски надлежности, но сепак потребно е да се напомене дека е потребно доекипирање посебно во одделението за советување на родители и ученици со соодветно стручни вработени, а во насока на унапредување на улогата на службата во воспитната компонента.

| **Структра на вработени по работно место** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Раководител на сектор | 1 |
| Раководител на одделение | 4 |
| Советник | 6 |
| Соработник | 1 |
| Помлад соработник | 1 |
| Самостоен референт | 1 |
| **Вкупно** | **14** |

**Напомена:** Со овластување и наредба во текот на 2024 година Раководител на оддление за капитални инвестиции вработениот Зоран Штерјовски ги извршуваше работните задачи во Оделение за набавка и издавање на учебници. Вработениот своите работни обврски ги извршува во рамки на Педагошката служба.

Со Решение за времено распоредување од 11.11.2024 година, вработениот Андреа Јанковски од Државниот просветен инспекторат е распореден во Педагошка служба.

Со договор на дело, во текот на календарската 2024 година, беа ангажирани три лица, од кои за работа во одделение за одобрување на учебници две лица и едно лице во одделние за советување на родители и ученици.

## Реализирани активности на Директорот

Директорот на Педагошката служба раководи со работата на Педагошката служба:

- ја донесе Годишната програма за работа на Педагошката служба и организира реализација на истата;
- го донесе Годишниот извештај за работата на Педагошката служба;
- зеде активно учество во постапката за изготвување и донесување на нов Закон за учебници за основно и средно образование;
- активно учествуваше во изработката и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за учебници за основно и средно образование;
- зеде активно учество како претседател на работна група во постапка за изготвување на предлог Закон за Педагошката служба;

## Реализирани активности на сектор за учебници и педагошко советување

Во склоп на Педагошката служба има еден сектор и тоа Сектор за учебници и педагошко советување. Со оглед на фактот дека станува збор за единствен сектор во рамки на службата истиот е работи како „сврзно“ ткиво во рамки на институцијата, координирајќи ги и насочувајќи ги работните активности во насока на реализација на Годишната програма. Согласно наведеното активностите на секторот беа насочени кон:

- спроведување на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работните обврски, работните задачи на раководителите на одделенијата и административните службеници во секторот;
- подготовка на соодветни општи и заеднички акти произлезени од работата на Педагошката служба и нејзините тела;
- изработка на информации, извештаи и други материјали од делокругот на работата на Педагошката служба и нејзините тела;
- сублимирање на податоци за потребниот број на учебници за основно и средно образование за учебната 2024/25 година од страна на училиштата;
- спроведување на активностите поврзани со конкурсната постапка за одобрување на учебници;
- активности во процесот на формирање на рецензентски комисии за стручно вреднување на ракописи за учебници за соодветен наставен предмет;
- контрола на склучените договори за пренос на материјалните авторски права;

- стручно административни работи за потребите на Националната комисија за учебници за основно и средно образование;
- стручно административни работи за потребите на рецензентските комиисии за учебници;
- стручно административни работи за потребите на комисиите формирани согласно Законот за учебници во основно и средно образование;
- изработка на квартални извештаи за стратешки документи на МОН и стратегија за образование на Владата на Република Северна Македонија;
- контрола на направени анализа за извршените советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за првото и второто полугодие на учебната 2023/2024 година;
- континуирана поддршка на стручните служби од училиштата во процесот на советодавната работа.

Освен наведените активности, вработените во секторот за учебници и педагошко советување во текот на 2024 година беа ангажирани во различни комисии и работни групи формирани од Министерот за образование и наука, како што се:

- Комисии за спроведување на постапка за јавни набавки
- Комисии за следење на реализција на јавни набавки
- Комисија за давање предлог на согласност за употреба на стручна литература и детски списанија во основните и средните училишта;
- Комисија за давање стручно мислење за употреба на детски списанија во детски установи;
- Комисија за доделување на стипендии за ученици и студенти;
- Комисија за проверка на документација по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик
- Работна група за изработка на нов Закон за учебници во основно и средно образование
- Комисија за попис и др.

## Реализирани активности на Одделение за одобрување на учебници

Активностите на одделението за одобрување на учебници во рамки на Педагошката служба се насочени во насока на активности за формирање на авторски тимови, конкурси за учебници итн, кои се во насока на обезбедување на ракопис за учебник како и постапка за обезбедување на одобрен учебник. Согласно наведеното активностите на одделението се во насока на:

- објавени се повици за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тимови за изработка на ракописи за учебници за основно и средно образование;
- изготвени се 43 решенија за авторски тимови;

- објавени конкурси за издавање на ракописи за учебници за основно и средно образование;
- **објавени** Јавни огласи за рецензенти на ракописи за учебници за основно образование;
- објавени Јавни огласи за рецензенти на учебници за средно стручно четиригодишно образование;
- **објавени** Повторни повици за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тимови за изработка на ракописи за учебници за средно стручно четиригодишно образование;
- објавени 10 Соопштенија за отварање на шифри и исто толку записници;
- **објавени** Повици за искажување на интерес за учество во комисија за давање мислење по доставени предлози за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината.
- изготвени договори за пренос на материјалните авторските права ;
- изготвени исплати по сите основи од делокругот на одделението;
- извршена стручно административна работа за потребите за Националната комисија за учебници
- за основно и средно образование во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, одобрени се 138 учебници и тоа:
    - 4 учебници за основно деветгодишно образование,
    - 6 учебници за 1-ва година, средно стручно четиригодишно образование,
    - 26 учебници за 2-ра година, средно стручно четиригодишно образование,
    - 52 учебници за 3-та година, средно стручно четиригодишно образование,
    - 50 учебници за 4-та година, средно стручно четиригодишно образование.
- по спроведена постапка не се одобрени 7 ракописи за учебници;
- вратени на доработка се 68 ракописи за кои што авторите треба да направат одредени корекциите согласно забелешките и препораките од страна на рецензентските комисии, БРО или ЦСОО. По направените корекции се врши повторна проверка по што се носи конечна одлука во НКУ за конечно разгледување;
- формирани се 88 рецензентски комисии;
- формиран е 1 стручен тим со цел да изврши ревизија на рецензијата од рецензентските комисии;
- изготвени се 203 известија од известители;
- склучени се 6 договори за пренос на материјално авторско право со авторите за учебниците за основно образование;
- Продолжени се 16 договори за пренос на материјално авторско право со авторите за учебниците за основно образование;
- склучени се 102 договори за пренос на материјалното авторско право со авторите за учебниците за средно стручно четиригодишно образование за 1-ва, 2-ра, 3-та и 4-та година.

  - 3 договори за 1-ва година;
  - 19 договори за 2-ра година;
  - 48 договори за 3-та година;
  - 32 договори за 4-та година.
- Продолжени 8 договори за пренос на материјалното авторско право со авторите за учебниците за средно стручно образование за 1-ва, 2-ра, 3-та и 4-та година.
  - 3 договори за 1-ва година;
  - 2 договори за 2-ра година;
  - 2 договори за 3-та година;
  - 1 договор за 4-та година.
- Исплатени 42 договори за учебниците за основно образование и тоа:
  - 3 договори за еднократна исплата
  - 39 договори на рати
- Исплатени 226 договори за учебниците за средно стручно четиригодишно образование за 1-ва, 2-ра, 3-та и 4-та година и тоа:
- 47 договори за 1-ва година средно стручно четиригодишно образование и тоа:
  - 3 договори за еднократна исплата
  - 44 договори на рати
- 69 договори за 2-ра година средно стручно четиригодишно образование и тоа:
  - 12 договори за еднократна исплата
  - 57 договори на рати
- 76 договори за 3-та година средно стручно четиригодишно образование и тоа:
  - 28 договори за еднократна исплата
  - 48 договори на рати
- 34 договори за 4-та година средно стручно четиригодишно образование и тоа:
  - 18 договори за еднократна исплата
  - 16 договори на рати

| **Вид на активноста** | **опис на активноста** | **очекувани резултати** | **Добиени резултати** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| **Објавени се повици за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тимови за изработка на ракописи за учебници за основно и средно образование** | По објавување на повиците потребно е да се изготват решенија за формирање авторски тимови кои во законски определен рок од 60 дена треба да изработат учебници | Изготвување и донесување решенија за авторски тимови | Изготвени се 43 решенија за авторски тимови. | Јануари 2024-Декември 2024 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Објавени се конкурси за издавање на ракописи за учебници за основно и средно образование** | Со објавување самото објавување на конкурсите потребно е да се пријават автори на учебници за да може истите да се достават до Рецензентските комисии, БРО/ЦСОО на разгледување и доколку истите имаат позитивни мислења НК носи одлука за одобрување на учебниците. Во спротивно не се врши избор на ракописите. | Одобрување учебници за секој наставен предмет кој бил објавен на конкурсите | одобрени се 138 учебници и тоа:<br>4 учебници за основно деветгодишно образование,<br>6 учебници за 1-ва година, средно стручно четиригодишно образование,<br>26 учебници за 2-ра година, средно стручно четиригодишно образование,<br>52 учебници за 3-та година, средно стручно четиригодишно образование,<br>50 учебници за 4-та година, средно стручно четиригодишно образование.<br>Неодобрени се 7 ракописи за учебници | Јануари 2024-Декември 2024 година |
| **Објавени се Јавни огласи за рецензенти на ракописи за учебници за основно образование и средно стручно четиригодишно образование** | На овие огласи е потребно да се пријават што повеќе заинтересирани лица за да бидат дел од рецензентските комисии за разгледување на доставените ракописи по објавените конкурси и јавни повици за формирање авторски тимови | Формирање рецензентски комисии за разгледување на доставените ракописи | Формирани се 88 рецензентски комисии за разгледување на доставените ракописи | Јануари 2024-Декември 2024 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвени на договори за пренос на материјалните авторските права за основно и средно образование** | По одобрување на учебниците за основно и средно образование потребно е да се склучат договори за пренос на материјалните авторските права помеѓу МОН и авторите на учебниците за да може МОН истите да ги обезбеди за учениците | Навремено склучени договори | Склучени се 6 договори за пренос на материјално авторско право со авторите за учебниците за основно образование. Склучени се 102 договори за пренос на материјалното авторско право со авторите за учебниците за средно стручно четиригодишно образование за 1-ва, 2-ра, 3-та и 4-та година | Јануари 2024-Декември 2024 година |
| **Изготвени на договори за продолжување на претходно склучените договори за пренос на материјалните авторските права за основно и средно образование чии учебници се сеуште во важност** | Продолжување на претходно склучените договори за пренос на материјалните авторските права за основно и средно образование чии учебници се сеуште во важност | Навремено продолжени договори | Продолжени се 16 договори за пренос на материјално авторско право со авторите за учебниците за основно образование. Продолжени се 8 договори за пренос на материјалното авторско право со авторите за учебниците за средно стручно образование за 1-ва, 2-ра, 3-та и 4-та година. | Јануари 2024-Декември 2024 година |
| **Исплата на авторите на учебниците со кои МОН има склучено договори за пренос на материјалното авторско право** | По склучување на договорите со авторите потребно е да се исплати определен износ на авторите на учебниците | Навремена исплата на авторите согласно договорите | Исплатени се 42 договори за учебниците за основно образование. Исплатени се 226 договори за учебниците за средно стручно четиригодишно образование за 1-ва, 2-ра, 3-та и 4-та година | Јануари 2024-Декември 2024 година |

## Реализирани активности на Одделение за издавање и набавка на учебници

Активностите на одделението за издавање и набавка на учебници се насочени во насока на финализирање на постапките за обезбедување на учебници и нивна физичка дистрибуција до училиштата односно до учениците. Во таа насока, во текот на 2024 година беа реализирани следниве активности:

- продолжување на постапките од ЈН на услуги за преведување, лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување на учебници за основно и средно образование за учебната 2024/2025 година;
- продолжување на постапките од ЈН на услуги за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование за учебната 2024/2025 година;
- активирана е електронска апликација за обезбедување на потребниот број на учебници (ucebnici.mon.gov.mk);
- обезбедени се податоци за потребниот број учебници од страна на училиштата;
- обезбедени се податоци за број на оштетени учебници;
- објавен е ценовник за оштетени учебници;
- изготвен и објавен список на одобрени учебници за основно и средно образование;
- доставени податоци до Одделението за јавни набавки, за спроведување на постапки за јавни набавки за откуп на учебници за учебната 2024/25 година за основно и средно образование;
- учество во спроведување на постапки за јавна набавка за откуп на учебници за основно образование за учебната 2024/25 година;
- учество во спроведување на постапки за јавна набавка за откуп на учебници за средно образование за учебната 2023/24 година;
- обезбедени 264 ЦИП записи за издавање на учебници за основно и средно образование, согласно поединечните договори кои произлегуваат од рамковните спогодби;
- изготвени се исплати согласно преземените обврски по сите основи од делокругот на одделението,односно изотвени барања за плаќање за цип записи,барања за плаќање за откуп на учебниците за средно и основно образование,барања за плаќање за графичко и техничко уредување,превод и печатење на учебниците за основно и средно образование, лектура, стручна редактура, графичко и техничко уредување, печатење и дистрибуција на учебниците за основно и средно образование за учебната 2024/2025 годин и
- ажурирање на веб порталот за учебници во pdf формат e-ucebnici.mon.gov.mk.

| Вид на активноста | опис на активноста | очекувани резултати | Добиени резултати | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Склучени 27 поединечни договори врз основа на склучените Рамковни спогодби во пет дела за услуги за преведување, лектура, стручна редакција ,графичко, техничко уредување** | Склучување на поединечни договори врз основ на склучените Рамковни спогодби (јануари- декември)<br>Дел 1-превод од македонски на албански јазик -9 договори<br>Дел 2- Превод од македонски на турски јазик-5 договори<br>Дел 5- лектура, стручна редакција ,графичко, техничко уредување на 13 договори | Обезбедување учебници | Склучени договори за превод, графичко техничко уредување, на учебници за основно и средно образование | Јануари 2024 -Декември 2024 |
| **Склучени 9 договори за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование врз основа на склучените Рамковни спогодби во два дела за 2024/2025 година** | Склучување на 9 поединечни договори врз основ на склучените Рамковни спогодби во два дела за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование (јануари- септември)<br>**Дел 1**-склучени 7 договори за печатење на учебници со тираж до 7000 примероци,од кои 6 за основно образование и 1 договор за печатење на учебници за средно образование за учебната 2024/2025 година<br>**Дел 2**- Склучени 2 договори за печатење учебници со тираж над 7000 примероци, за основно образование | Обезбедување учебници | Склучени договори за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование за 2024/2025 година | Јануари 2024 -Декември 2024 |
| **Активирана е електронската апликација за обезбедување на потребниот број на учебници (ucebnici.mon.gov.mk);** | Активирање на електронската апликација за нарачка на учебници за учебната 2024/2025 година.<br>Формулар за основно образование активиран на 19.04.2024, заклучно со 05.05.2024 година;<br>Дополнителен формулар за нарачка на учебници за | Пополнување формулар за нарачка на учебници од страна на училиштата | Обезбедување на податоци за бројот на учениците по одделение/година; наставен јазик и потребниот број на учебници | Април 2024 - Јули 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 7мо одделение активиран на 03.07.2024,заклучно со 19.07.2024 година Формулар за средно образование активиран на 19.03.2024, заклучно со 29.04.2024 година | | | |
| **Обезбедени податоци за потребен број на учебници од страна на училиштата;** | Пополнување веб апликација за нарачка на учебници од страна на училиштата | Навремено обезбедени податоци | Навремено спроведени постапки за обезбедување на учебниците. | Мај 2024 - Јули 2024 |
| **Обезбедени податоци за број на оштетени учебници;** | Пополнување на веб апликација за оштетени учебници од страна на училиштата | Навремено обезбедени податоци | Навремено спроведени постапки за обезбедување на учебниците | Мај 2024 - Јули 2024 |
| **Објавен ценовник за оштетени учебници;** | Објавување ценовник на учебници на веб порталот на МОН и порталот на Педагошката служба | Уплата на средства за изгубени или оштетени учебници | Евиденција за трајност на учебниците | Јуни 2024- Јули 2024 |
| **Изготвен и објавен список на одобрени учебници за основно и средно образование** | Објавување список на учебници на веб порталот на МОН и порталот на Педагошката служба | Навремено обезбедени податоци за учебници кои се во употреба пет учебни години и учебници кои се обезбедуваат секоја година | Евиденција за трајност на учебниците | Јуни 2024- Јули 2024 |
| **Доставени податоци до Одделението за јавни набавки, за спроведување на постапки за јавни набавки за откуп на учебници за учебната 2024/25 година за основно и средно образование** | Процес на спроведување на ЈН за откуп | Навремено обезбедени податоци и учебници | Обезбедени учебници и придружен дидактички и работен материјал за успешна реализација на воспитно образовниот процес | Јуни 2024- Јули 2024 |
| **Учество во спроведување на постапки за јавна набавка за откуп на учебници за основно образование за учебната 2024/25 година** | Процес на спроведување на ЈН за откуп на учебници и придружен дидактички и работен материјал за основно образование за учебната 2024/25 година | Навремено обезбедени податоци, учебници и придружен дидактички и работен материјал за основно образование | Обезбедени учебници и придружен дидактички и работен материјал за успешна реализација на воспитно образовниот процес | Јуни 2024- Јули 2024 |
| **Учество во спроведување на постапки за јавна набавка за откуп на** | Процес на спроведување на ЈН за откуп на учебници за средно | Навремено обезбедени податоци и учебници за средно образование | Обезбедени учебници за успешна реализација на | Јуни 2024- Јули 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **учебници за средно образование за учебната 2024/2025 година** | образование за учебната 2024/25 година | | воспитно образовниот процес | |
| **Изготвени и доставени барања за нови ЦИП записи до НУБ за 264 учебници за основно и средно образование за учебната 2024/2025 година** | Изготвени барања за ЦИП запис и доставени до НУБ | Обезбедени ЦИП записи | Обезбеден ЦИП запис за учебници и извршена исплата на средства за истите | Јануари 2024-Септември 2024 |
| **Изготвени исплати согласно преземени обврски по сите основи од делокругот на одделението** | Навремено доставување на барања за исплата на средства до Одделението за буџетско работење во Министерството за образование и наука | Навремено обезбедени средства за исплата по основ на склучени договори и доспеани фактури | Реализирани Буџетски средства | Јануари-2024 Декември 2024 |
| **Ажурирање на веб порталот за е-учебници поставен на сајтот(e-ucebnici.mon.gov.mk)** | Ажурирање на веб порталот со ново одобрените учебници за основно и средно образование кои се во сопственост на МОН | Ажурирана веб страна | Сите одобрени учебници се поставени на веб порталот | Јануари-2024 Декември 2024 |

## Реализирани активности на Одделение за советување на родители и ученици

Одделението за советување на родители и ученици со својата работа директно влијае на унапредување на воспитната компонента во самиот воспитно-образовен систем. Како есенцијален составен елемент на Педагошката служба, активностите на одделението за советување на родители и ученици беа насочени кон:

- подготовка на предлог план за работа на одделението за 2024 година;
- подготовка на формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за првото полугодие на учебната 2023-2024 година;
- подготовка на формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за второто полугодие на учебната 2023-2024 година;
- прибирање на податоците, анализа на истите врз основа на што се изработува извештај за извршени советувања на ученици и родители/старатели за учебна 2023-2024 година;
- изготвување на стручни мислења по претходно доставени барање од училиштата согласно Законот за основно и Законот за средно образование;
- поддршка на стручните служби и наставниот кадар од училиштата во процесот на советодавната работа;
- активности во врска со пријавите на емаилот prijavinasilstvo@mon.gov.mk, односно следење на пријавите и соодветно постапување по истите.

| **Вид на активноста** | **Опис на активноста** | **Очекувани резултати** | **Добиени резултати** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка на предлог план за работа на одделението во 2024 година. | Во годишниот предлог план за работа на одделението, за период од една година, се операционализирани мерките и активностите на одделението за советување на родители и ученици содржани во Годишната програма за работа на Педагошка служба. | Реализација на работните цели и задачи на одделението за советување на родители и ученици. | Реализирани планираните работни цели и задачи.<br>- Од септември 2024 година постапувањето по пријавите на мејлот prijavinasilstvo@mon.gov.mk е дополнителна активност покрај планираните. | 2024 година |
| Подготовка и доставување на дописи до основните и средните училишта со прилог формулари за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за првото полугодие на учебната 2023-2024 година. | Преку соодветни насоки за постапување преку дописот, во прилог на дописот се доставува соодветниот формулар. Со овој формулар се утврдува квантитетот и квалитетот на ефективноста на советодавната работа со учениците и нивните родители. Согласно допис бр.26-188/1 од 07.02.2024 година испратен до основните и средните училишта, задолжените за спроведување на советувањето (психолог, педагог) имаа задача да го пополнат формуларот за извршени советувања за прво полугодие и најдоцна до 20.02.2024 година да го достават до одделението за советување на родители и ученици. | Континуирано следење на советодавната работа со цел правење на анализа за понатамошно постапување во насока на подобрување на квалитетот на советодавниот процес во училиштата. | -На 342 основни училишта и на 105 средни училишта им беше доставено да пополнат формулари за извршени советувања на родители/старатели и ученици за првото полугодие на учебната 2023-2024 година. Од нив 281 основно училиште доставило пополнети формулари за прво полугодие, а 61 основно училипте не ги доставило бараните податоци и 82 средни училишта доставиле пополнети формулари за прво полугодие, а 23 средни училишта не ги доставиле бараните податоци. На | - Февруари 2024<br>- Мај 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | истите им е испратен допис бр.26-668/2 од 13.05.2024 година со укажување во иднина да имаат повнимателен однос кон советодавниот процес и навремено да ги доставуваат бараните податоци. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка на допис и формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за второто полугодие на учебната 2023-2024 година. | Преку соодветни насоки за постапување преку дописот, во прилог на дописот се доставува соодветниот формулар. Со овој формулар се утврдува квантитетот и квалитетот на ефективноста на советодавната работа со учениците и нивните родители. Согласно допис бр.26-931/1 од 19.06.2024 година испратен до основните и средните училишта, задолжените за спроведување на советувањето (психолог, педагог) имаа задача да го пополнат формуларот за извршени советувања за второ полугодие и најдоцна до 01.07.2024 година да го достават до одделението за советување на родители и ученици. | Континуирано следење на советодавната работа со цел правење на анализа за понатамошно постапување во насока на подобрување на квалитетот на советодавниот процес во училиштата. | На 342 основни училишта и на 105 средни училишта им беше доставено да пополнат формулари за извршени советувања на родители/старатели и ученици за второ полугодие на учебната 2023-2024 година. Од нив 285 основни училишта доставиле пополнети формулари за второ полугодие, а 57 основни училишта не ги доставиле бараните податоци и 93 средни училишта доставиле пополнети формулари за второ полугодие, а 12 средни училишта не ги доставиле бараните податоци. На истите им е испратен допис бр.26-931//2 од 17.07.2024 година со укажување да ги достават бараните податоци. | - Јуни 2024<br>- Јули 2024 |
| Собирање на податоците, нивна анализа и изготвување на извештај за извршени советувања на ученици и родители/старатели за учебна 2023-2024 година. | Податоците од формуларите се внесуваат во ексел табели посебно за основните и средните училишта. Понатаму податоците се обработуваат и се внесуваат во соодветни табели и соодветно се анализираат во конечниот извештај. | Советодавната работа, треба да биде во функција на оптимален развој на личноста, односно да претставува кохезиона сила на воспитно - образовниот процес | Може да се заклучи дека советодавниот процес низ училиштата во нашата земја се одвива согласно програмските цели. | - Јули 2024<br>- Август 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Анализата на извршените советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта овозможува да се добијат корисни сознанија што ќе дадат свој придонес во воспитно образовниот процес. | во целина, да ги прати сите негови текови, а очекуваните исходи да ги прави ефикасни. | Училиштата пополнуваат формулари за извршени советувања и тоа е единствениот контролен механизам на овој процес од страна на МОН. Поголем акцент потребно е да се стави на проблематичното однесување на учениците и доследно постапување на училиштата. Неопходна е корелацијата помеѓу училиштата и Педагошката служба. Сепак може да се констатира дека Педагошката служба изминативе неколку учебни години започнува позитивно да влијае врз училиштата, односно ја стимулира нивната соработка. Но потребно е да се превземат и соодветни мерки со цел подобрување, а потоа и на негување на овој исклучително важен процес. | |
| Поддршка на стручните соработници од училиштата во процесот на советодавната работа | Континуирана комуникација со стручните соработници. | Доследно и квалитетно спроведување на советувањата. | Реализирани советувања согласно програмските цели | Во тек на цела учебна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на стручни мислења согласно член 77 од Законот за основно образование и член Член 58-а став 3 од Законот за Средно образование. | Доколку поканата за советување се однесува на антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба. Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење. | Поддршка на стручните служби во училиштата и наставниот кадар во училиштата со цел коригирање на одредени облици на несоодветното однесување кај учениците | Постојаната комуникација и поддршка од страна на одделението за советување на родители и ученици е позитивен исчекор кон подобар квалитет. | Во тек на цела учебна година |
| Активности во врска со врска со пријавите на емаилот prijavinasilstvo@mon.gov.mk, односно следење на пријавите и соодветно постапување по истите. | Министерството за образование и наука отвори и адреса за пријавување на насилство во училиштата, prijavinasilstvo@mon.gov.mk , како централно место каде што може да се пријавува училишно насилство, за да можат институциите веднаш да реагираат и да спречуваат сериозни ситуации.<br>Од септември 2024 година оваа активност ја реализира одделението за советување на родители и ученици, односно во одделението соодветно се постапува по пријавите на мејлот. | Превенцијата од насилното однесување и спречување на насилството претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедно, сигурно и заштитено опкружување, развивање и негување на атмосфера на соработка, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамките на воспитно-образовните активности, развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство. | Од септември 2024 година до декември 2024 година постапено е по 25 пријави.<br>Во сите случаи помеѓу останатото на училиштата им се сугерира дека мерките и активностите за спречување на насилство се спроведуваат преку:<br>- Статутот на училиштето и интерен акт на училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесавње (куќен ред, протокол, правила на однесување и /или интерна политика).<br>- зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во училиштето во спроведување на мерки и активности за спречување и | Септември 2024 – Декември 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | заштита од насилство.<br>- Едукација и подигање на свеста кај учениците<br>- На кој било начин а кој ќе одлучи училиштето, согласно потребите и законската рамка. | |

## Реализирани активности – соработка со институции и организации

Оптимално функционирање на воспитно-образовниот систем е можно само доколку секоја единка на истиот во целост ги извршува своите активности, но и работи координирано во насока на унапредување на самиот систем. Во таа насока, Педагошката служба во изминатиот период оствари блиска соработка со бројни инситутиции и организации, прикажано во табеларниот преглед:

| **Институции** | **Опис на активноста** | **Очекувани резултати** | **Добиени резултати** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| **Биро за развој на образованието** | Доставени Наставни програми за објавување Конкурси за учебници за основно образование<br><br>Доставено образложено мислење за усогласеност на ракописите за учебници со наставната програма. | Навремено доставени Наставни програми<br><br>Навремено доставено мислење | Доставени Наставни програми<br><br>Доставено мислење | Јануари-2024 Декември 2024 |
| **Центарот за стручно образование** | Доставени Наставни програми за објавување Конкурс за учебници за одредени предмети за средно стручно образование.<br><br>Доставено образложено мислење за усогласеност на ракописите за учебници со наставната програма. | Навремено доставени Наставни програми<br><br>Навремено доставено мислење | Доставени Наставни програми<br><br>Доставено мислење | Јануари-2024 Декември 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Министерство за финансии - финансова полиција** | Доставување на целокупна документација за следење на реализација на јавна набавка за услуги за преведување, лектура, стручна редакција ,графичко, техничко уредување и во два дела за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование за 2022/2023 година<br>Доставување целосна документација за спроведените постапки за одобрување на учебниците по Кембриџ програмата од прво до деветто одделение. | Доставена документација | | |
| **Државниот просветен инспекторат** | Државниот просветен инспекторат е должен да изврши надзор на одредбите од Законот за учебници за основно и средно образование | Извршен надзор | | Немаме добиено повратна информација од извршениот надзор |
| **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;<br>Управен суд;<br>Виш Управен суд;** | Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од<br>работен однос во втор степен одлучува по поднесената жалби на донеснеите одлуки за одобрување на учебници.<br>Управниот суд одлучува по понесените тужби на одлуките од второстепената комисја.<br>Вишиот управен суд решава по поднесените жалби на донесените одлуки од Управниот суд, | Разрешување на жалбени постапки и судски предмети | Изнајден начин за разрешување на жалбени и судски постапки | Јануари-2024 Декември 2024 |
| **Народен правобранител** | Народниот правобранител преку дописи реагира на повредување на човековите права и слободи и дискриманција по разни основи во учебниците | Соработка и доставување на навремен одговор по доставените дописи | Изготвени навремено дописи и одговори на поставените прашања | |
| **Државна комисија за спречување на корупцијата** | Соработка за потребата од изготвување на Анкетни листови од страна на членовите на Националната комисија за учебници | Соработка во одговор на дописите од комисијата | Давање насоки за пополнување на Анкетни прашалници за членовите на Националната комисија за учебници | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | Барање податоци за обезбедени учебници за учениците од прво до деветто одделение | Соработка и доставување на целокупната документација и временска рамка за реализација | Доставено мислење по основ на констатирана фактичка состојба | |
| **Државен завод за ревизија** | Барање податоци за целокупното работење на Педагошката служба | Соработка и доставување на целокупната документација | Ревизијата е сеуште во тек | Ноември 2024- во тек |

Врз основа на спроведените активности и дадените предизвици, Педагошката служба во текот на 2024 година ги има реализирано поставените цели.

Работна група за изработка на Годишен извештај
Хикмете Селмани
Наташа Стојановиќ-Тоскоска
Виолета Костовска
Анита Азеска
Зоран Штерјовски

Педагошка служба
в.д. Директор
м-р Роберт Аџипетров